НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ Завод и Музеј, ул. "Боро Шаин" бр.. 10, П.фах.95, 6000 Охрид, РепубликаСеверна Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; faks 046/231302, Муизејска зграда Робевци267-173;
e-mail: zimohrid@yahoo.com;жиро сметка: буџетска 11801100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Kombëtar ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 03-4591/2
03.04.2024
Охрид/Ohër

ДО
Дојче Веле
dtrpchevska@outlook.com

ПРЕДМЕТ: Доставување на информација

Почитувани,

Археолошките истражувања на КП 15927, КО Охрид 3, Општина Охрид се завршени во текот на 2023 год., за што е поднесен Извештај до Управата за заштита на културното наследство.

Со овие истражувања откриен беше монументален сакрален објект од раното христијанство, декориран со мозаични подови и полихромно фрескосликарство. Постои можност овој објект да бил во директна комуникација со блиската ранохристијанска базилика „Манчевци“, но со моменталниот степен на истраженост тоа не може со сигурност да се потврди. Истражувањата во иднина би требало да се насочат на просторот јужно и источно од предметната катастарска парцела. Откриените декоративни архитектонски елементи, односно мозаичниот под и фрескоживописот уште во текот на истражувањата беа консолидирани и врз нив беше направена превентивна конзервација, а веднаш по завршувањето со истражувањата целиот објект беше заштитен од атмосферските влијанија со привремен кров.

Со истражувањата се доби јасна слика за тоа каде би можел во иднина да се гради приватниот станбен објект, за што инвеститорот доби насоки во Извештајот од извршените заштитни археолошки истражувања. Самата изградба во моментот зависи од многу фактори и актуелни законски регулативи, пред сè донесување на нов детален урбанистички план за овој дел од заштитеното градско јадро на Охрид. Во овој момент не е возможно да се гради според важечкиот детален урбанистички план и Одобрението за градење издадено од Министерството за транспорт и врски на Република Македонија.

Со почит,

Изработил,
Тања Паскали Бунташеска
диа конзерватор советник

в.д.Директор,
м-р Ирена Шајн